Љупчо Е. АЈДИНСКИ

# ИВАН ИЛИЕВ АЈДИНСКИ



## ПО ПОВОД 120 ГОДИНИ ОД НЕГОВОТО РАЃАЊЕ (1885-1923)

На 23 септември 2005 година се навршија 120 години од раѓањето на Иван Илиев Ајдински, македонски револуционер и патриот, илинденец, социјалист, комунист и прв адвокат во Струмица.

Во историјата на македонскиот народ, особено во периодот пред, за време и по Илинденското востание, Македонци-револуционери и интелекту-

алци, кои се бореле за слободата на Македонија, а на некои имињата и делата сè уште не се доволно истражени во нашата историографија и презентирани во пошироката јавност. Еден од нив е и Иван Илиев Ајдински, познат илинденец, социјалист, комунист и прв адвокат Македонец со факултетско образование во Струмица, роден на 23 септември 1885 година во Ново Село Струмичко, а е убиен на 10 октомври 1923 година за време на Септемвриското антифашистичко востание во Горна Џумаја (денешен Благоевград).

Веруваме дека овој мал прилог за животот и делото на Иван Илиев Ајдински, ќе поттикне некои наши историчари да се зафатат со истражување и расветлување на животот и дејноста на овој исклучителен македонски деец.

Иван Илиев Ајдински, уште како ученик во Солунската гимназија, се запознава со револуционерните и ослободителни идеи на Гоце Делчев и Даме Груев и под нивно влијание ѝ пристапува на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација за организирана подготовка на македонскиот народ за ослободување од турското господство. „Како ученик заради својата револуционерната активност е исклучен од гимназијата, а за активноста во групата на „гемиџиите“ е осуден на смрт, но заради неполнолетност казната му е заменета со 101 година затвор и бил затворен во „Беаскуле“ на брегот на Егејското море во Солун.“ [1]

По успешното бегство од затворот тој бил подржан од Гоце Делчев да стане учител најнапред во Ново Село - Штип, а потоа во Ново Село - Струмичко и во исто време „го поставил за револуционерен инструктор во Струмичкиот и Петричкиот регион за да работи врз подготовката на народот и собирање оружје за вооружено востание.“[2] Во извршувањето на овие задачи покажал голема револуционерна активност, пред, за време и по Илинденското востание, особено како секретар во четата на Христо Чернопеев во Струмичкиорт револуционерен округ на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. „Неговите револуционерни способности, особено доаѓаат до израз на Конгресот на Струмичкиот револуционерен округ што се одржал во летото 1905 година во „Црвено поле“ на планината „Огражден“ над селото Барбарево како секретар на Конгресот, образложувајќи го дневниот ред и учествувајќи во формулирањето и донесувањето на заклучоците од конгресот.“ [3]

Истата година, Иван Илиев Ајдински учествува и на Рилскиот општ конгрес како делегат од Струмичкиот револуционерен округ. Во дискусијата го бранел ставот на мнозинството и застанал зад централистите, кои биле за вистинските интереси на Македонија. „Тој и другите делегати од Струмичкиот округ, Христо Чернопеев, Стојо Хаџиев и Мануш Георгиев Турновски дале голем придонес во донесувањето на конгресните документи и одлуки. Меѓу другите и со нивно залагање во централните раководни тела на организаци-

[1] Тасев Славчо: Иван Илиев. Во: Пирински соколи, Очерци за загинали революциионерни борци действували в Благоевградски окръг. София: Издателство на БКП, 1970., с.71.

[2] Георгиев П. : 46 години од убийството на Иван Илиев-комунистички трибюн. Во: Пиринско дело, бр. 118 од 1969 , с. 5.

[3] Исто.

јата биле избрани: Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Димо Хаџи Димов и други".[4]

Врската со Делчев и Груев ќе остане блиска и срдечна до крајот на нивните животи. „Тој бил верен на делото на Гоце и Даме и никој пат не го напуштил".[5] Заедно со неговите другари, а особено со Стојан Георгиев - секретарот на Окружниот комитет во Струмица, остануваат доследни на Гоцевото револуционерно дело и на социјалистички идеи. „По Стојан Георгиев, Иван Илиев Ајдински станува секретар на Окружниот комитет во Струмица. Во исто време како социјалист и го организираше народот во борба против сите пропаганди во Македонија и неуморно работел меѓу работниците - занаетчиите, борејќи се за нивните социјални права и слободи".[6] Во целиот период бил активен во општествено-политичкиот живот. Со формирањето на првите социјалистички групи во Струмица од работници и занаетчии, како и во други краишта низ Македонија, поведува упорна борба за подобрување на животните услови и за поголема социјална правда.

„Во неговите настапи и говори на собирите пред народните маси во Струмичко и Петричко, а подоцна и во Горноџумајско, тој секогаш поаѓаше од начелата за Македонска државна самостојност, за самостојност на движењето, за потпирање врз сопствените сили во ослободителната борба." [7]

Иван Илиев Ајдински во 1906 година заминува во Софија да го заврши прекинатото гимназиско образование во Солун да продолжи со стекнување на високо образование. Откако со одличен успех ја завршува гимназијата, во 1907 година се запишува на Правниот факултет во Софија, во што му помогнал Павел Шатев со кого одржувал блиско пријателство уште од Солунските настани.[8]

За време на студиите Иван Илиев Ајдински се разболува од маларија и се лекувал во болницата на Црвениот крст во Софија. Тука се запознава со својата идна сопруга Марија Казанџиева - медицинска сестра, „ќерка на познатиот социјалист од Казанлк, Георги Казанџиев, која го запознава со социјалдемократите тесни социјалисти: Димитар Благоев, Георги Кирков и други." [9]

Иван Илиев Ајдински добива одговор на многу прашања за кои дотогаш размислувал. Впечатокот во разговорите што ги оставил младиот сту-

[4] Пандевски д-р Манол и Стоев Ѓорѓи-Трнката : Струмица и Струмичко низ историјата. Струмица, 1969, с. 243 и 244.

[5] Видео запис од Александар Попов, наставник по историја во пензија од Ново Село. Во: „Слободарските визии на револуционерот Ајдински„ емисијата е емитувана на Македонската телевизија во 2003 г.

[6] Мијатовиќ Драгица: Иван Илиев Ајдински. Во: Македонија - списание на Матицата на иселениците од Македонија, Скопје, 1979, с. 24 и 25.

[7] Видео запис од д-р Марија Пандевска, Институт за национална историја - Скопје. Во „Слободарските визии на револуционерот Ајдински„. Емисијата е емитувана на МРТ во 2003 г.

[8] Тасев Славчо.: Иван Илиев . Во: Пирински соколи, цит., с. 73 и 75.

[9] Георгиев П.: 46 години од убиството на Иван Илиев - комунистички трибун, цит. во: Пиринско дело бр. 118 од 1969 г., с. 5.

дент по право на лидерот на Бугарскиот социјалдемократски сојуз, Димитар Благоев-Дедото, бил силен. Нивните гледишта во однос на социјалната онеправданост на македонскиот народ и социјалистичките сфаќања, биле идентични. Уште со првите контакти и разговори, Димитар Благоев во Иван Илиев открива партиски активист со големи можности за искористување на неговите потенцијали во социјалистичкото и работничкото движење и по негова препорака Иван е примен за член на Бугарскиот социјалдемократски сојуз (тесни социјалисти).

Иван Илиев Ајдински сѐ повеќе ги збогатува сознанијата за социјалистичкото и работничкото движење. Запознава нови патишта за ослободување на Македонија од турското ропство и од другите балкански аспиратори. Зазема правилен курс и кон врховистите во македонското национално ослободително движење. „Не се согласувал со политиката што ја воделе кон Македонија и нивната поврзаност со царскиот двор. Непосредно потоа, во 1909 година, Иван Илиев Ајдински учествува и на Првата Балканска Социјалдемократска Конференција во Белград.“ [10]

По балканската војна кога Струмица и Струмичко потпаѓаат под Бугарија, градот Струмица станува окружен центар на Струмичкиот округ во кој освен Струмичката околија влегле и Петричката, Неврокопската, Разлошката, Горноџумајската и Мелничката (подоцна Светиврачка) околија. Иван Илиев се враќа во својот роден крај и од 1914 година живее во градот Струмица. Со него доаѓа и неговата сопруга Марија Казанџиева, по занимање акушерка, која исто така била познат активист на социјалистичкото движење. „Во Струмица станува прв адвокат Македонец. Адвокатската работа му овозможува да запознава поголем број луѓе, да ги шири социјалистичките идеи и да создава партиски организации во Струмица, Ново Село, Босилово и други места во околијата.“ [11] Како адвокат тој многу често настапувал пред судовите и ги добивал скоро сите одбрани. Бил ангажиран да дава соодветни мислења по одредени спорни правни прашања дури и од власта. Илиев како адвокат бил мошне ценет и почитуван и од неговите соработници. Дончо Темкин од Струмица, кој работел во адвокатската канцеларија на Иван си спомнува дека Иван бил ценет и почитуван од сите граѓани во Струмица.

„Иван Илиев Ајдински бил еден од најквалитетните адвокати и располагал со извонредни стручни квалитети од областа на правото. Тој како адвокат давал правна помош на сиромашните луѓе од градот и селата кои доаѓале кај него во неговата канцеларија да бараат помош. На повеќе пати тој не наплатувал ништо за неговата работа на сиромашните лица, особено на оние кои биле погодени од последиците од балканските војни“.[12]

Иван Илиев Ајдински, бил најдобриот адвокат, и најпопуларниот адвокат тука во Струмица. Исто така многу бил хуман, ги помагал бедните. „За

---

[10] Рупов Иван: Народния трибюн Ивн Илиев. Во: Пиринско дело, цит.

[11] Сведоштва од Дончо Темков, пензионер од Струмица на 83 години, писар во адвокатската канцеларија на Иван Илиев Ајдински од 1916-1919.

[12] Видео запис од Ичокаев Михаил, пензиониран адвокат од Струмица на 77 години. Во: „Слободарските визии на револуционерот Ајдински“; емисијата емитувана на Македонската РТВ во 2003 г.

време на празниците, Божиќ, Велигден, тој ќе земеше брашно, ќумур, и други работи и се што ќе земеше на луѓето го делеше. Дончо, писарот во адвокатската канцеларија на Иван ги разнесувал тие работи. Му велел ќе дадеш во таа куќа толку кила брашно, во таа куќа толку кила шеќер, зејтин, во таа куќа толку пари и друго.“ [13]

По 1914 година, адвокатот Иван Илиев Ајдински, како социјалиаст проповедал меѓу луѓето, дека не е доволно да се извојува национална слобода, туку треба да се води борба за рамноправност меѓу сите, за социјална правда. Се здобил со голема доверба кај народот. „Неговата адвокатска канцеларија се претворила во место, каде се собирале не само социјалистите, туку и место каде секој можел да си ја искаже својата болка и да побара совет.“ [14]

Иван Илиев Ајдински како секретар на Окружниот комитет на БРСДС (т. с.) во Струмица, во текот на 1919 година придонесува во разјаснување на политиката на бугарската влада кон Македонија. „Струмичани уште го паметат оној јунски ден во кој по долги, рецитирања и патетични зборови на разни „патриоти“ кои се залагале Македонците да го поддржат исполнителниот комитет во неговото барање за присоединувањето на Македонија кон Бугарија, се исправи Иван Илиев и со своето искрено и убедливо слово излезе пред нив едно цело откритие, вклучено во зборовите: „Автономна Македонија“. Тој беше прв во тој крај што реално обелодени зошто Македонците треба да се борат за автономија, а не за присоединување. Луѓето го разбраа и при гласањето не дадоа ниту еден глас за присоединување - дури и агентите на оние кои беа за присоединување немаа смелост да дигнат рака за она за што се залагаа. Толку убедлив и непобедлив беше Иван Илиев, убедлив и непобедлив, како што беше и лозинката, Автономна Македонија.“[15]

Иван Илиев Ајдински и понатаму се искажувал и ја критикувал завојувачката политика на Цар Фердинанд и бугарските влади кон Македонија. Во исто време организирал и предводел и повеќе протесни собири и штрајкови на кои биле истакнувани барања за подобрување на економско социјалната положба на сиромашните слоеви на населението. По негова идеја Женскиот Комитет во Струмица организирал голем митинг - демонстрација под лозинката „Мир и леб“.

Овој период за Иван Илиев Ајдински и за периодот на неговото дејствување ќе го завршиме со зборовите на професорката д-р Даринка Петреска:

„Тој е македонски револуционер, македонски патриот, македонски социјалист и активен член во работничкото и социјалдемократското движење од почетокот на дваесеттиот век, па сѐ до неговата смрт... Револуционерната дејност на Иван Илиев Ајдински би кажала дека е тесно поврзана со Струмичкиот револуционерен округ, и е карактеристична со неговите

[13] Сведоштва од Мито Поп Тодоров, пензионер од Струмица 75 години, За животот и делото на Иван Илиев Ајдински за периодот од 1914-1918 година.

[14] Серафимов Цанко: 60 години од Септемврискиот антифашистичко востание - За слобода и правда. Во: Пиринско дело, бр. 201 од 26 август 1983.

[15] Иван Илиев. Во: Македонско дело бр. 50

социјалистички идеи. Значи, тој е од оние македонски социјалисти кои го поврзал револуционерното со социјалното во ТМОРО, односно во МОРО. Како социјалист и антивоено расположен Македонец, тоа го искажал во контактите со балканските социјалисти, особено при конституирањето на Балканската социјалистичка, а потоа и комунистичка федерација. Меѓу балканските социјалисти важел за противник на војните и настојувал проблемите да не се решаваат со војна, но не можел да ги одбегне балканските и Првата светска војна. Заедно со неговите поблиски соработници на сите собири во Македонија, Бугарија и во Белград 1909 година на Првата социјалдемократска конференција, Иван Илиев Ајдински се изјаснил против војните. Значи, припаѓа на оние балкански социјалисти од тој период што го прифатиле заедништвото, агитирале за решавање на проблемите по мирен пат, за соживот, за формирање на Балканска федерација на слободни народи. Неговата активност при крајот на Првата светска војна е многу изразена во Струмица, каде дејствувал во Автономното биро на Привременото преставништво на бившата обединета ВМРО, (кое му дава поддршка на раководството на Привременото претставништво на чело со Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров) кое бара од Мировната конференција во Париз, Македонија да добие автономен, односно независен статус како посебна државна политичка единица на Балканот."[16] По доаѓањето на српските власти на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во Струмица 1918 година, Иван Илиев Ајдински ја продолжува својата општествено-политичка активност во социјалистичкото напредно движење, работи со народот и ги шири социјалистичките идеи. Новодојдената власт во Струмица знаела за неговата активност, знаела дека Иван Илиев Ајдински бил познат македонски револуционер, комунист, адвокат при Окружниот суд во Струмица и заштитник на сиромашните во судот и пред разни силници и дека уживал голема доверба и поддршка од населението. Поради тоа, според академикот Манол Пандески „на молба од српските власти, Иван Илиев Ајдински бил прогонет во Бугарија 1919 година од страна на француските воени власти во Струмица, уште пред да стане последното „примопредавање" на власта... Иван Илиев Ајдински и во емиграција во Горна Џумаја продолжил со својата раководна улога како комунист и Македонец, заради што и бил убиен од врховистичките сили во ВМРО во Септемвриското антифашистичко востание 1923 година, против кои се борел цели дваесет години." [17]

Иван Илиев Ајдински по прогонувањето од Струмица заминал во Петрич каде ја продолжил својата дејност. На еден од собирите во градот во својот говор ја открил политиката на дворот и бугарските политички сили со големобугарска ориентација кон Македонија. „Зборувал за стопанските тешкотии, сиромаштвото и бедата на народот во овој дел на Македонија и

[16] Видео запис од д-р Даринка Петреска, професор на Институтот за историја на Филозофскиот факултет-Скопје. Во: „Слободарските визии на револуционерот... цит; Пачемска Петреска д-р Даринка: Димитар Ацев Шуманов. Во: Помалку познати и непознати учесници во македонското ослободително движење во IX и почетокот на XX век, Скопје: Сојуз на историчарите на Р.М. 1995, с. 131-134.

[17] Пандевски М. и Стоев Ѓ.-Трнката: Струмица и Струмичко низ историјата, цит. с. 304.

веднаш по собирот бил притворен.“[18]

По неговото ослободување, „по препорака на Димитар Благоев-Дедото, раководството на Бугарската комунистичката партија го испраќа во Горна Џумаја да ја организира тамошната партиска организација, односно да ги шири и зајакнува партиските организации во Пиринскиот дел на Македонија, работејќи како адвокат во градот.“ [19]

Во Горна Џумаја нашол широко поле за работа, бил прифатен од граѓаните, од македонската емиграција и бегалците во градот. Во Горна Џумаја имал извонредна соработка со поранешни македонски револуционери од левицата на ВМРО и помлади интелектуалци. Меѓу нив биле Методи Алексиев, Тодор Чопов (внук на Гоце Делчев) и други. Иван Илиев како претседтел на Окружниот комитет на Горноџумајската партиска организација имал извонредна соработка со секретарот на Окружниот комитет учителот Димитар Ацев Шуманов, родум од Берово. Таа соработка најмногу дошла до израз за време на подготовките на партиската организација за „поголемо присуство и учество на парламентарните избори 1919, 1920 и 1923 година и во изборите за окружни и општински советници во Пиринска Македонија - Петрички административен округ.“[20]

Д-р Даринка Петреска, пишувајќи за меѓусебната соработка на Димитар Ацев со Иван Илиев, во еден специфичен период во Пиринска Македонија кога постоеле силни влијанија од Комунистичката партија на Бугарија и од ВМРО „Димитар Ацев остварил голема соработка со македонските националреволуционери од левицата и се наредил во првите редови на прогресивните сили и меѓу највисоките партиски раководители во Пиринскиот дел на Македонија од 1920 до 1923 година. Ја продолжил соработката со Иван Илиев од кого секогаш имал што да научи. Од Илиев секогаш говореше Македонец-комунист, кој ја имаше во предвид судбината на Македонија и судбината на поробениот македонсдки народ.“ [21]

По повод одбележувањето на 35-годишнината од убиството на Иван Илиев Ајдински, Димитар Ацев и нивните другари, во статијата објавена во „Работничко дело“ од 1958 година под наслов „Верни синови на Партијата и народот“ во врска со гледањето и ставот по македонското прашање стои: „Иван Илиев и Димитар Ацев јасно и отворено нагласуваат дека ниту бугарската, ниту српската буржуазија можат да го решат Македонското прашање“.[22]

Но, Иван Илиев и неговите другари не остануваат само со предавања и зборови, туку почнуваат да ја подготвуваат партиската организација, членството и народот во Пиринскиот дел на Македонија за оружена борба против

[18] Тасев Славчо, Иван Илиев, во: Пирински соколи, цит., с. 76.

[19] Исто, с. 77.

[20] Атанасова Марија, Претседателот на Обласниот комитет на БКП, Пирнско дело од 21 септември 1978.

[21] Пачемска Петреска Даринка, Димитар Ацев Шуманов. Во: Помалку познати и непознати учесници во македонското ослободително движење во 19 и почетокот на 20 век, с. 131-140.

[22] Работничко дело 1958 : Верни синови на партијата.

конзервативните граѓански сили и владата на Цанков.

По заседанието на ЦК на БКП (т. с.) од август 1923 година, Окружниот партиски комитет започнал да ги подготвува работниците и селаните за решителен судир со новиот режим на чело со Александар Цанков.

На заседанието од 21 и 22 септември, на кое и покрај тешкото заболување, учествувал и Иван Илиев, Окружниот комитет решил да формира востанички одред од комунисти и земјоделци, кои ќе отидат на помош на партиската организација во Дупница (Станке Димитров). „Тешко болен, во тоа време туберкулозата го врзува за легло, тој дава сè што може за подготовка на востанието. Но, да го реализира својот сон да појде заедно со своите другари на првиот револуционерен марш, тој не успева.“ [23]

На 23 септември 1923 година, работниците и земјоделците под раководство на Комунистичката партија и Георги Димитров, во Бугарија се дигнаа во вооружена борба против деветојунската влада раководена од Александар Цанков, за создавање на работничко-селска власт во земјата, со претходен договор со раководството на ВМРО да остане неутрална за време на востанието, а БКП да не го проширува востанието во Пиринска Македонија.

Според постигнатиот договор Горноџумајскиот востанички одред излегува од Округот и заминува на помош на партиската организација во Дупница. И покрај делумно постигнатите успеси на одредот, напредувајќи кон Дупница, натамошните акции се парализирани по сознанието дека револуционерниот комитет во Дупница бил уапсен и во градот немало никакви востанички дејства. Одредот одлучил да замине кон градот Разлог, бидејќи дознал дека таму успело востанието. Но, раководството на ВМРО сметало дека Окружниот комитет на чело со Иван Илиев со испраќањето на Горноџумајскиот одред во Дупница, го прекршил постигнатиот договор и на враќање одредот бил нападнат од четите на ВМРО при што биле убиени околу 60 востаници, останатите заробени, судени и многу од нив погубени. Востанието во Бугарија, како што е познато не успело и било задушено со голем број жртви.

Во меѓувреме доцна вечерта на 23 септември, куќата на Иван Илиев била блокирана, односно опколена со стража. Домашниот притвор продолжил сè до 9 октомври 1923 година. „Пред куќата на Иван Илиев на 23 септември 1923 година во текот на ноќта поставуваат стража. Целта им била да го изолираат раководителот на Партијата од востаниците. Тешки и мачни биле деновите до 9 октомври, кога преку ноќта „непознати“ лица ја разоружуваат стражата и навлегуваат внатре. Иван Илиев ја сфаќа опасноста и прави обид да избега преку покривот на куќата. Се спушта со јаже во дворот, но од секаде го опколуваат. Истата ноќ четири бесилки биле поставени во центарот на градот Горна Џумаја, покрај реката Бистрица - за: Иван Илиев, Димитар Ацев, Никола Лисичев и за Стамен Велинов. Сите освен Иван Илиев, биле обесени, а него заради болеста не можеле да го доведат до бесилката и затоа го убиле пред вратата на неговиот дом. Замолчениот и загрижен град на дру-

[23] Тасев Славчо, Иван Илиев. Во: Пирински соколи., с. 82

гиот ден поминувал покрај бесилките да оддаде последна почит. Една од бесилките висела празна. Саканиот, од бедните и онеправдените Иван Илиев, лежел убиен пред вратата на неговата куќа, облеан во сопствената крв.“[24]

Убиството на Иван Илиев Ајдински во 1923 година беше голема загуба, особено за македонскиот народ и македонските бегалци од другите два дела на Македонија дојдени во Пиринска Македонија. Долги години потоа се зборувало и пишувало за големата загуба, особено во „Пиринско дело“ и „Работничко дело“. Сепак споменот за него, како бескрајно чесен, скромен и хуман човек, остана во колективната меморија и на Македонците од Пиринска Македонија и на оние од неговиот роден крај во Вардарска Македонија, односно во Република Македонија.

[24] Серафимов Цанко, „60 години од Септемвриското антифашистичко востание-За слобода и правда“, Пиринско дело бр. 201 од 26 август 1983 година.